## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Осмото продолжение на Осумдесет и третата седница
## на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 октомври 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, притиснете на едно од копчињата од системот за гласање за да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

(Пратениците притискаат на едно од копчињата од системот за гласање).

Во салата се присутни мнозинство пратеници на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи го утврдивме бројот на присутните пратеници во салата, истовремено констатиравме дека имаме кворум за работа, продолжуваме со работа по Осумдесет и третата седница.

Продолжуваме по редоследот на пријавените дискутанти.

(Пратениците Лазар Китановски, Абдула Алиу, Александар Флоровски, Ванчо Чифлиганец, Билал Љутфиу, Радмила Шеќеринска, Поповски Љубомир моментално се отсутни од седницата).

Го повикувам господинот Митко Тилевски да земе збор.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Бидејќи овие неколку недели расправаме во врска со оваа работа јас би кажал дека 1998 година сите станавме пратеници во ова Собрание откако бевме избрани од народот. Сметам дека акви важни одлуки кои се од интерес за расправата и за сите нас што живееме во Македонија дека е битно да се праша народот што мисли за овие многу суштински измени што ќе се направат во Уставот. Тоа не е мала работа, една третина од Уставот треба да се смени. Затоа јас сум да има референдум каде што граѓаните кои не избрале сами ќе одлучат за нивната понатамошна судбина. Пред се би се заблагодарил на сите граѓани кои што ни дадоа поддршка да не се гласа овој Рамковен договор, а исто така нека ми извини и еден мал број на граѓани кои што смета дека треба да се поддржи. Затоа сметам дека најдобро решение е народот сам да излезе на еден референдум, да го каже своето мислење во врска со неговата иднина во нашата држава.

Јас го поддржувам референдумот како начин на изјаснување и ќе гласам за. Ако не се поддржи тоа е право на самиот народ, тоа е негово право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Бидејќи навистина многу време се дискутира не мислам да продолжувам со многу долга дискусија, бидејќи имаше прилично голем број дискусии со издржани аргументи зошто треба да се изгласа одење на референдум за уставните промени. Притоа, од друга страна беа кажани огромен број на аргументи, најмногу беа во стилот зошто тоа порано не се одржа, или пак имаме ние одговорност како пратеници да донесеме нешто, на пример како што се носат закони, меѓутоа сега се работи за нешто сосема различно, не се работи за закони, туку се работи за нешто многу суштинско, се работи за промена на Уставот. Притоа беа наведени поголем број на аргументи кои што за мене се навистина многу важни.

Имено, аргументите за бришењето на Македонскиот народ, или за Македонската православна црква. Тука не би сакал да се повторувам.

Една работа која што можеби не е така обработена, или објаснета на Македонскиот народ е прашањето дали Македонскиот народ и воопшто граѓаните на Република Македонија би биле за тоа постојано во идните влади што ќе се формираат во Република Македонија постојано и постојано да има на власт партија на Албанците во Република Македонија. На пример, да ги прашаме граѓаните дали се за тоа, или може против аргумент да биде, ама нема такво нешто во Уставот, во предложените промени. Прочитајте ги предложените промени на амандманите ќе видите дека нема такво нешто. Не пишува таму дека мора да има една македонска, или не знам колку македонски, или една или повеќе албански партии во Владата. Такво нешто не пишува, но пишува нешто друго. Пишува дека ќе се формира Комитет за меѓунаационални односи, кој што Комитет ќе

може да враќа разни закони што ги гласало ова Собрание, некое идно доколку навлегуваат во сферата на културните, јазичните и други сфери. Погледнете ги досега усвоените закони и следните закони и замислетеја работата на тој Комитет за меѓунационални односи. На пример нема албанска партија во Владата, го враќа назад, блокада. И до кога тоа би го правела? Едноставно, во политичкото право постои барање на кое се очекува да се задоволи. Дотогаш додека не биде една од албанските партии во Владата. Постојат голем број на сценарија кои што можат да се злоупотребат со постоењето на еден таков комитет. Кога ќе дојдат амандманите се надевам дека колегите уште поподробно ќе го разработат тоа постоење и негативните последици на постоење на еден таков комитет. а другите работи, како што е бришењето на Македонскиот народ не би сакал да ги повторувам работите, но мислам дека оваа работа под едно вакво светло има поголем број на стручњаци кои што и понатаму можат многу поподробно да го разработат и овој предлог на амандманите. Токму заради тоа сметам дека навистина треба да го прашаме Македонскиот народ, македонскиот граѓанин и другите националности, сакате или не сакате вакво нешто да се изгласа во Македонскиот парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Во теоријата е познато, а и праксата во развиените демократии е потврдена дека во сред мандат на владеење кога некое прашање не трпи одлагање до следните избори, ако по тоа прашање постојат поделени мислења меѓу политичарите, стручњаците и граѓаните и особено доколку е прашањето од исклучително значаен национален интерес, во таков случај референдумот е оправдан и најдобар, а некогаш и единствен начин да се дојде до одговор на таквото прашање.

Ние сега имаме предлог за референдум токму за едно такво суштинско прашање, за менување на Уставот и тоа не се работи за менување на еден или два члена од Уставот, туку на една третина, па дури и на самата преамбула на Уставот. Многу поважно е дека се работи за една сосема нова концепција, за суштински промени во Уставот што може да има огромни последици за Македонија. Сигурно најважна е огромната загриженост на Македонците дека некои од предложените одредби всушност се губи нашиот национален идентитет и се обезличува Македонската држава и Македонскиот народ.

Од досегашните собраниски дискусии и од јавната расправа оправдано се поставува прашањето дали воопшто било кој поединец може да има мандат за такво нешто. Се добива логичниот заклучок дека за тоа единствено може да се изјасни и одлучи целиот народ и сите граѓани на Македонија преку референдум.

Постои уште нешто што оди во прилог на потребата од референдум. Тоа се огромните притисоци и закани на кои сме изложени. Имаме притисок од граѓаните, дури и закани дека ако гласаме за промена на Уставот ќе бидеме прогласени за предавници, потоа ќе треба да се криеме а на нас и на нашите потомци ќе се покажува со прст како на предавници. Слични се и притисоците од Македонската православна црква и многуте заканувачки писма кои што ние секојдневно ги добиваме. Од друга страна имаме притисок од оние кои се изјаснија дека потполно го прифаќаат Рамковниот договор. Тие крстареа низ Македонија како на изборна кампања со обвинувања дека оној што е против уставните промени е за граѓанскак војна, за поделба и распаѓање на Македонија. На ова би ги додал и заканите со контра референдум на албанците или заканите дека некој партии ќе излезат од Владината коалиција.

Од трета страна постои огромен притисок од Запад и тоа од земјите кои важат за најдемократски во светот. Тие што се згрозени од она што се случи во САД, тоа што го направија исламските терористи, а нас не притискаат да прифатиме нешто до што се дојде исто и со тероризам.

Од четврта страна најголем притисок што сите го чувствуваме е што во моментот дел од државата е окупиран, голем број лица се киднапирани имаме сеуште илјадници раселени лица кои што не можат да се вратат во своите домови, а и покрај собирање на оружјето сеуште се пука. Во такви услови, под таков притисок ние треба да одлучиме и да гласаме за промена на Уставот. Нешто што е на пример во Франција, забрането во нивниот Устав. Навистина ирационално во моменти кога цел свет се обединува во борба против тероризмот ние се наоѓаме под притосок и на Запад и од терористите и тоа истовремено. Под тој притисок Македонија мора да го промени Уставот инаку ќе има војна со терористите, а од друга страна ќе нема

донаторска конференција, туку ќе има санкции, изолација, ембарго, протекторат и што ли уште не.

Според мое мислење токму сите тие огромни притисоци и закани пред кои сме изложени за мене и за многу од нас го прават прифатлив референдумот. Тоа е најдобриот начин да ја избегнеме опасноста од сите тие притисоци и закани за да не донесеме погрешни одлуки. Јас навистина неможам да сфатам зошто за некои пратеници се против референдумот, кога тоа е најдобриот начин и да избегнеме одлучување под притисок, но и да ги избегнеме сите дополнителни поделби меѓу нас, дека некои се предавници, други патриоти, некои се за војна, други за мир, или пак дека некои се умилкуваат, а други конфронтираат со албанските политичари или со западните дипломати.

Од оваа говорница повеќе пати досега се повикуваше на Македонско национално единство, но видовме без никаков ефект. Дури, на последното гласање за нацртот на преамбулата освен оние кои што беа отсутни или воздржани од пратениците Македонци "за" се изјасниле 40, а "против" исто така 40. Да не зборувам за потполно различните дискусии и големите разидувања помеѓу пратениците на двете најголеми Македонски партии кои се воедно и две најголеми партии во Македонија. Во таков случај токму референдумот е најдобриот начин да бидеме единствени. Без разлика кој од нас како лично размислува, така барем нашата одлука ќе биде единствена, бидејќи изјаснувањето на граѓаните ќе биде обврзувачко за сите нас.

Нас ни се служи ваков измешан редослед или распоред на седниците на Собранието заради запазување на некои рокови договорени во Рамковниот договор надвор од Собранието и засилени со огромен притисот, пак, надвор од Собранието. Се случи Собранието да расправа за Предлог за референдум, а истовремено длабоко да сме навлезени во реализација на уставните промени. Во моите контакти со граѓаните јас можев да се уверам дека се и тие збунети и оправдано се прашуваат што ќе биде со референдумот. Но сепак во моментов убедливо најчесто поставуваното прашање е дали ќе се успее да се задржат Македонскиот народ и црквата во Уставот. Тие две работи според обичниот граѓанин го надминуваат дури и сето останато што е договорено во Рамковниот договор.

Јас доаѓам од една етнички чиста средина, од Кавадарци каде на последниот попис 1994 година над 97% од жителите на општина Кавадарци слободно самите се изјасниле како Македонци и сега јас ќе треба тука со едно притискање на копчето, и тоа во нивно име да ги избришам и во Уставот повеќе да не се викаат Македонци туку некакво недефилирано мнозинско население. Јас тоа едноставно не би можел да го направам освен или само под еден услов доколку тие самите на референдум тоа го прифатат и се изјаснат за такво нешто, во што искрено да ви кажам воопшто не верувам.

Со вака предложените уставни промени, а особено со амандманот IV Република Македонија ќе стане територија без дефиниран народ, нешто што на Балканот може да произведе само една последица а тоа е војна. Наместо да донесе мир напротив Рамковниот договор, или како го нарекуваат Договор за мир веднаш ќе ги привлече соседните аспиранти за името, јазикот, културата, историјата, народот и територијата на која нема народ, туку некакви така наречени заедници. Бидејќи сите наоколу ќе се обидат да грабнат по нешто тоа многу лесно може да резултура во нова балканска војна. После, кој ќе биде виновен за тоа?

Ние Македонците сигурно не, бидејќи ниту сме започнале, ниту сме сакале, ниту сме можеле да го спречиме тоа. Самонаречените борци за човекови права, албанците во Македонија, самите, без помош однадвор се сигурно уште помалку моќни за такво нешто. Затоа би сакал да апелирам до нашите пријатели од Европската унија, САД и НАТО во однос на нивните претставници да ја исправат оваа грешка. Ако навистина сакаат успех на нивната миротворна мисија во Република Македонија, тогаш би морале и тие да се заложат од амандманите да се исфрли тоа што не е прифатливо и што многу лесно може да биде генератор за идни конфликти. Меѓународната заедница кога тогаш ќе мора да признае дека кај нас војната не се појави и воопшто не може да се правда со некаква обесправеност на албанците кога во Македонија албанците уживаат такви права за кои Македонците во соседните земји можат само да сонуваат. Кога албанците во Македонија уживаат повеќе права од сите други малцинства на Балканот. И сега додека целиот свет се бори со тероризмот кај нас се случи обратното  терористите добија дури и дипломатско признание. Оние кои ја отпочнаа оваа војна со разни качачки банди, со дрогирани криминалци и терористи, со муџахедини исламски и фундаменталисти повикувани на борба од оџите по џамиите,

кои минираа манастири како талибанците киповите на Буда. Многу брзо од терористи еволуираа во екстремисти, од екстремести во бунтовници од бунтовници станаа миротворци а сега се обидуваат да станат дури и модерни политичари, да се приклучат кон некоја албанска партија и во иднина веројатно се надеваат да бидат парламентарци, министри, амбасадори. Меѓународната заедница што побрзо треба да се освести и согледа дека наместо да ни помогне во оваа војна што ниту сме ја започнале, ниту сме ја сакале на нас Мак^донците ни се наметнува казна, а казната е токму тој Рамковен договор. Сега сме притиснати да го прифатиме тој Рамковен договор и дури со сите точки и запирки во него со што не само што им се дава дополнителни права на оние кои ја започнаа и водеа војната со тероризам, или им помагаа во тоа, туку дури и нас Македонците не принудуваат самите да се укинеме како народ, да се понижиме до крај. Јас се надевам дека ќе преовладеа разумот и ќе се спречи тоа. Во спротивно единствено во референдумот гледам некаква шанса за излез.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Азис Положани, отсутен. Абдулаи Јонуз, отсутен, Оломан Сулејмани отсутен. Карантелески Радомир.

Дали г-динот Карангелески сака да земе збор?.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници.

Бидејќи пред десетина дена се пријавив да зборувам на оваа тема. А како втора точка на дневен ред е иницијатива за распишување на референдум, па и трета точка на дневен ред е исто така иницијатива за распишување на референдум, од ДА, со две различни прашања.

Со оглед на тоа, во текот на дискусијата по оваа точка не се согласија ставовите за да се формулира едно прашање, јас сега се откажувам од дискусија, со тоа што си го задржувам правото по наредната точка пошироко да дискутирам, во однос на она прашање што ние го поставивме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Понатаму, за дискусија се има пријавено Замир Дика. Тој е отсутен. Мухамед Таири и тој е отсутен. Етеми Фатмир, отсутен, Илијаз Халими, отсутен, Демуш Бајрами отсутен, Кастриот Хаџиреџа отсутен, Латиф Пајковски, отсутен, Никола Јованов, господине Јованов дали сакате да земете збор?

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Бидјеќи наредна точка од оваа седница е предлогот на ДА, за распишување на референдум, со различно референдумско прашање, си го задржувам правото како координатор на Пратеничката група да дадам појаснување кога ќе дојде на дневен ред нашата точка, па како не би се повторувал, сега би се повлекол а си го задржувам правото да дадам толкување подоцна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Понатаму пријавен за дискусија го имаме Ризван Сулејмани.

Дали е тука Ризван Сулејмани?

Отсутен е.

Бајрами Фадил, Абдурахман Халити,отсутен. Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господо пратеници,

Се има чувство дека пратениците не се спремни, викендски се расположени. Но, сигурно ќе се разгори темата, треба малку да се даде стимул за дискусија.

Постои расположение кај граѓаните дека референдумот треба да се прифати, за да се слушне гласот на народот. Ние станавме едно поднебје, една чудна атмосвера создаваме. Знаете што велат граѓаните. Вие не лажете, ама ние на вас политичарите не ви веруваме. Стана чуден овој македонски народ. Он ќе си ја наплати цената за се она што се случува во парламентот. За она кој работи, кој не работи, сигурно доаѓа времето. И ќе се види. се гледа дека на прво место се само интересите, лични интереси. Ги испомешавме работите. Она што требаше да биде државно е лично, партиско. Ги испомешавме работите. На прво место се личните работи, потоа доаѓаат партиските, а државните работи некако сите ги избегнуваме.

Она што боли е што овде во салата ги немаме нашите колеги Албанци, пратеници, од разбирливи причини, затоа што едните намигнуваат на ПДП, другите на ДПА. Албанците играат многу паметна игра, чекор по чекор, надолго.

Знаете што ми вели еден колега? Вели, вие и да работите и да не работите, вие работите за нас. Како ќе се договори ПДП, ВМРО и оние другите, СДСМ, македонските политички партии, ние секако

добиваме. Работел не работеле ние добиваме.

Она што постојано се апострофираше беше зошто се направи широко коалиција, зошто СДСМ влезе во Владата?Зошто влезе СДСМ кога нема договор со ВМРО. Каде е тоа национално единство? Зошто влегоа? Значи борба за гола власт. Луѓето гледаат. Луѓето од СДСМ не гледаа во Владата за да ја спасуваат државата. влегоа типично да ја земат власта, во сите ресори да ги сменат луѓето, од чистачка до курир, а посебно во Министерството за одбрана. Јас бев тука во салата кога наши колеги СДСМ велеа ВМРО се тие кои ја партизираат државата. Арно ама влегоа и тие од СДСМ и истата работа . Ништо подобро. Ништо подобро не се случи.Нека излезе некој од колегите од СДСМ и нека каже, ќе ги чекам за реплика, имам и бројки и тогаш ќе ги прочитам и бројките.

Се наметна едно прашање, дали сте вие за војна или за мир. Која е таа теза, дали сте вие за војна или за мир.Ако не направите референдум, иако е задоцнет, иако се пробиени роковите, тоа е декласирано прашање, граѓаните немаат право. Ние сме најголемите политички партии, ние сме тие врачовите на племињата и четворица таму ќе се договориме, ухү-ху, аха-ха, завршена е приказната за Македонија. Е не е така работата. Треба да се слушне гласот на народот. Ние сме избрани од граѓаните. Секој од нас претставува изборна единица по 20-тина илјади луѓе. Никој тука секоја чест на исклучоци, не се исконсултира со базата. Никој, нема одобрение за референдумот, дали да помине или да не помине. Целата Македонска јавност, посебно македонските граѓани се за референдум. Да се изјаснат граѓаните, да го кажат својот глас. Ние постојано ги запрашуваме, велејки им дали сте за војна или сте за мир. Сега оди слоган, незнам кој ќе ги зел тие пари, 250 илјади долари од американците. Слоганот е доста е со војната Па кој ја наметна војната? Кој ја наметна војната? Никој не сака да се заврти назад да види и да каже кои се причините за војната. Ние само пласираме пред јавоста, велејќи дека тоа требало така да се случи. Не. Војната ни ја наметнаа. Знаете што ни се случи? За прв пат во историјата, протекторат наметна војна. Не окупира. Под патронат на меѓународната заедница, Македонија е окупирана. Не убедуваа, а и сите ние имавме задача да го лажеме народот, велејки му, немојте Македонија не е моќна, во Македонија ќе гинат луѓето, ова ќе се случи, она ќе се случи. Македонија е оаза на мирот, Немојте бидете стрпливи, работи времето, имате поддршка од Европската Унија, Имате подршка од САД, имате помош. Ако не направите тоа ќе се укинат сите аранжмани, нема да добиете средства. Еве тука сме сите, никој од нас пратениците не знае што се случува во државата. Никој не знае што е гаранцијата, никој не знае што нас не чека. Никој не знае што ќе се случи со тој фамозен раммковен договор.

Што ке се случи сега?

Имаме една недефиниран а позиција, како во парламентот, така и во соодносот со македонскиот блок, а албанскиот блок си знае. По клуч-ните прашања, кога се во интерес прашања на албанците, нема разлика меѓу ПДП и ДПА. Арно ама, за жал, она што останало како проклетие кај македонците, нема тука разбирање по ниедно прашање. по ниедно прашање не можат да се договорат двете политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Што е тоа? Тоа ќе го оставиме за домашна работа, да го одговорат граѓаните, а граѓаните веќе им е преку глава и они ќе бидат тој ретар, дали ќе казнат или ќе наградат.

Она што ни се сервира низ овие, месеци, барање на човекови права за Албанците. Многумина од нас, се многу години во политиката, многумина од нас се членови на повеќе делегации кои имале контакт со многу наши, да кажам колеги пратеници, широм светот и во секој контакт и разговор со наши колеги прашуваме, што се случува со Македонија. Тие доа-ѓаат и бараат да видат што се случува во Македонија, а тие многу чодобро знаат што се случува во Македонија. На наше барање, ајде да ни објасните што е тоа што ни се случува во Македонија, Дали малцинствата што се во Македонија присутни, што се реалност, имаат поголеми права или помали, од тие што се во вашите држави, да не кажам во која држава, почнувајќи од нашите соседи, земјите во транзиција, земјите од бившите комунистички простори на Југославија и во високо развиените земји во Европа. Ниеден досега, барем јас како член на Комисијата за меѓународна политика и некои други членови, никој не кажал, дали, почнувајќи од лигата за народите или од Европската повелба на народите, има поголеми права од Албанците во Македонија. До ден денес во ниедна држава не постои такво нешто. И, ако тоа е реалност, ако тоа го знае цел свет, зошто

ние тука, зошто вие, зошто му наметнуваме на граѓаните една недефинирана именка, со тоа што ги лажеме граѓаните дека албанците во Македонија треба да направат притисок, борба за човековите права.

Никој не може да го одземе правото на албнските политичари, во институциите да ги бараат своите права. Секогаш нивната можност е тука од говорницата, преку институциите да ги бараат и подобруваат човековите права, да ги бараат сите оние што им доаѓаат, да кажеме, почнувајки од Европската повелба права што им следуваат. Но, дали некогаш ние поставивме прашање на нашите соседни држави, почнувајќи од сите наши соседни држави не опкружуваат, за малцинските права. Дали ние кога ги даваме тие бенифици или он ашто треба да го дадеме и го даваме и што треба да биде така, дали е тоа исто, да кажеме во Албанија.

Јас се потрудив и направив некои забелешки од Обединетите нации за малцинските права што сакам да ги прочитам овде и пред македонската јавност, за она што се случува во Албанија, што се случува во Грција што се случува во Бугарија, што се случува во соседна Србија т.е. Југославија.

Постои некаква вистина дека сите човекови права постојат за заштита на малцинствата. Но, силните како што имаат малку потреба од човекови права, најмалку во демократијата е што се оддадени на владеење на мнозинството. Сепак треба да се нагласи дека малцинствата се природни конзументи на човековите права, вактички, а не по форма. Индиректната заштита на групите, етнички религиозни лингвистички, значи дека во многу релевантни текстови малцинствата не се спомнуваат. Истовремено, индиректната заштита значи дека меѓународното право се двоуми да ги именува групите како носители на правата, преферирајќи да дава права на членвите на групите. Не смеам да го изоставам посебното правило за малцинствата челн 27 од Пактот за цивилни и политички права, кое се задоволува со референцата, за правата на поединците, дури и тие да се практикуваат во заедница. Неоспорено е фактот дека во случај каде малцинствата се конкретно спомнати во текстот, каква и да е дискусијата за групните права е анатема за многу држави. Принципот на еднаквост и атрибуција на прават аза сите луѓе, потребно имплицира дека не треба да има дискриминација при вршењето на човековите права. Значи, еднаквиот третман на еднаквите и нееднаквиот третман на нееднаквите што се бара со принципот за еднаквост, не имплицира дека припадноста на една религија ги прави поединците природно нееднакви во законот на државите, туку исто така како практично признавање дека етничкиот мотив е примарен мотив во одрекнувањето на правата на луѓето.

Системот на заштита на малцинските групи под Лигата на народите претставува најдетален и сеопфатен обид од страна на меѓународната заедница да се регулираат човековите права преку еден метод на посебни до-говори. Но инструментите на Лигата не функционираат, така што празнините во договорите ги оставија одредени групи без заштита против законот на државата.

Посебно сега би апострофирал за малцинските права во соседна држава Албанија.

Албанија е парламентарна република. Демократската победи со сигурно мнозинство на слободните избори. Чекајќи на нов Устав, (значи чекаат нов Устав и немаат) законот за главни уставни одредби, кој го вклучува Законот за основните човекови права и слобди се користи наместо членот односно Уставот. Членот 25 обезбедува еднаквост пред законот и забранува дискриминација, врз основа на раса, етничка припадност или религија. Истите принципи се посебно повторени во поглед на малцинствата во член 26, обезбедувајќи за "припадниците на малцинствата" основни човекови слободи и права без дискриминации и со еднаквост пред законот. Ги содржи вообичаените гаранции во смисол на зачувување на и развивање на идентитетот на малцинствата, наставата на нивни најчин јазик и слобода на формирање нивни сопствени организации. Понатаму, се јавува малку не јасна формулација: Националноста ќе се определи на основа на прифатените меѓународни норми. Високиот комесат за национални малцинства на ОБСЕ, Марк Ван Дер Штул, упати писмо до албанскиот министер за надворешни работи во кое се вели да дека треба се отвори специјална канцеларија за прашања на малцинствата. Ова писмо е упатено уште во 1993 година, а до денес сеуште нема таква канцеларија. Следеше период на генерална репресија и ситуација со малцинствата не се подобруваше. Пример со грчкото малцинство кое е најмногу бројно,немојте сега да сватите дека зборувам за грчкото, ова се однесува се однесува и за македонското. Примерот со грчкото

малцинство како најмногу бројно, грчката култура очигледно многу е врзана со православната религија, вклучувајќи тука работи као што се давање на традиционални христијански имиња на децата, наспроти албанските имиња и покрај репресивниот режим и неговата политика кон малцинствата, грчките и останатите малцинства, сепак преживееа и покрај тоа што изгубија некои од своите членови заради принудената асимилација. Сепак, албанскиот национализам е насочен повеќе кон албнските заедници во стрнство отколку кон неалбанските во Албанија. Ова ќе го повторам уште еднаш. Сепак албанскиот национализам е насочен повеќе кон албанските за-едници во странство отколку кон неалбанските во Албанија.

Албанската Влада изјави дека ќе продолжи да ги поддржува училиштата на јазикот на малцинствата само каде што има доволен број на ученици и се обврзува да дозволи основање на приватни училишта на јазикот на малцинствата. Земајќи ги предвид резултатите од пописот од 1961-198 година, Албанија е една од најхомогените земји во светот. На пример, пописот од 1961 година вели групите на малцинства содржат 40 илјади грци, 15 илјади македонци и срби, 10 илјади власи, 10 илјади роми. Пописот од 1989 година вели дека околу 98% од населението се албанци. Се декларираат само 2% како грци, и останати. Каде е останатото.Дали тие исчезнуваат.

Да напоменам дека периодот меѓу 1945 и 1948 година е исклучо кога на Македонците им беше дозволено да ги изразуваат своите национални различности, културно наследство и обичаи и да го употребуваат нивниот мајчин јазик.

После резолуцијата на Информ-Бирото од 1948 година, членовите на македонскмото малцинство беа лишени од овие права.

Во 1975 година, Албанија со Декрет воведе промена на имињата на граѓаните кои имаат несоодветни имиња и навредливи презимиња од политички и идеолошки аспект. Факт е дека Албанија за влез во Лигата на народите, тогаш ја потпиша Декларацијата која во член 5 вели:

"Албанските државјани кои припаѓаат на расни јазични или верски малцинства ќе го уживаат истиот однос и сигурност како и сите други албански државјани, како фактички така и по закон. Тие особено ќе имаат подеднакво право да одржуваат, управуваат контролираат или во иднина да основаат дбротворни верски и социјални установи за своја сметка како и училишта и други образовни установи со право да го користат соп-ствнеиот јазик и слободно да ја практикуваат својата вероисповест во истите."

За оние кои ја прочитале или барем погледнале Универзалната декларација за основните човекови слободи и права на 00Н, знаат дека не постои дефинирање на терминтие "соодветни и несоодветни имиња". Тоа е правото на слободно изразување. Сите треба да сме исти пред законот.

Во 1975 година со друг декрет Албанија воведе промена на топонимите со религиозно значење. Во 1976 година албанскиот устав комплетно забрани религија, кога претходно уште во 1967 година албанската влада веќе ги укина сите религиозни институции. Но во 1990 година забраната беше отповикана под притисокот на меѓународната заедница. Следеа факти за ова: Папата Јован Павле II во 1993 година наименува епископ од кои еден беше свештеник од Њу Јорк, албанец по потекло. Албанската православна црква е призната од патријархот во Цариград на чело со етнички Грк. За албанската влада ова беше тешко прифатливо. Тоа се потврди со неприфаќањето на Предлог-законот за религија кој Собранието не го усвои и покрај тоа што имаше многу обиди за тоа. Во Повелбата за правата од 1993 година која се усвои како посебно поглавје на привремениот Устав, во член 2 се утврдува слобода на изразување. Но, истовремено содржи контадикторни услови во поглед на можното ограничување на таа слобода. Од една страна, овој член го инкорпорира вообичаеното ограничување според моделот на член 19 (3) од Меѓународниот пак за граѓанските и политички права, кое вклучува заштита на религијата или на правата на другите, под услов"да е пропишано со закон". Но, од друга страна според одредбата од членот нема да се донесе ниеден закон кој ќе ја ограничува слободата на изразување, печатот..., освен во случаи кога се во прашање заштитата на интересите на децата и животот на луѓето. Членот не содржи одредби за ограничување на слободата на изразување поради расистичка пропаганда.

Макс Ван Дер Штул, ја посети Албанија и во 1995 година, Тогаш беше донесен нов закон за предучилишно образование кој беше донесен во јуни и дозволува формирање на приватни училишта во кои ќе се користи јазикот на малцисhтвата.

Во извештајот на Стејт Департментот на САД се вели дека не постојат најнови податоци во врска со големината на етничките заедници. Во северните и источните делови има мали села на етнички македонци.

Слободата на изразување е дефинирано во член 10 од Европската конвенција за човекови права и е камен темелник на демократијата. Оттука, се заклучува дека проблемот со малцинствата е едно од акутните прашања со кои мора Албанија а се соочи.

Не случајно го кажувам тоа дека Албанија мора да се соочи затоа што ова прашање стои отворнео и сите недоразбирања кои се случуваат во Македонија и на овие простори на Балканот, па и ова што се случува во Србија, тоа најверојатно ќе се мултиплицира и во Бугарија со турското национално малцинство во Бугарија. Истиот проблем ќе го имаат и грците со Албанците. Останува едно отворено прашање на Балканот но е и прашање отворено и во Европа, малцинските права. Ова прашање останува отворено и до ден денес ниедна држава го нема решено како што треба.

Во Повелбата за правата од 1993 година која се усвои како посебно поглавје на привремениот Устав, во член 2 се утврдува слобода на изразување. Но, истовремено содржи контадикторни услови во поглед на можнс то ограничување на таа слобода. Од една страна, овој член го инкорпорира вообичаеното ограничување според моделот на член 19 (3) од Меѓународниот пак за јграѓанските и политички права, кое вклучува заштита ан религија-та или на правата на другите, под услов"да е пропишано со закон". Но, од друга страна според одредбата од членот нема да се донесе ниеден закон кој ќе ја ограничува слободата на изразување, печатот..., освен во случаи кога се во прашање заштитата на интересите на децата и животот на луѓето. Членот не содржи одредби за ограничување на слободата на изразување поради расистичка пропаганда.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (Продолжение)

Во многу држави е решено парцијално, многу парламенти и држави за ова прашање не сакаат да дискутираат. Но, кога станува збор за малцинските права, тогаш се наметнува по една природна референса и етничкиот конфликт. Етничкиот конфликт е вонинституционална акција во која група, или групација што се дефинира низ етнички особини ги конфронтираат своите интереси со државата,или меѓу себе. Притоа степенот на конфронтација е толкав што се користат инструменти навонинституционално насилство. Постојат неколку карактеристики на етнонацинализам стимулирање на сите видови колективистичка политичка кохеренција и нервоза. Постојана психоа на "заговор" и некритичност спрема сопствените грешки на антидивидуалистичка, каде слободата на поединецот се заменува во историскиот момент со слобода на нацијата и се преместува некаде во индината. Ова разултира на "освојување" прво на етничките територии простор, а потоа евентуален развиток на демократијата (денес сме сведоци на вакви случувања во Македонија, теори-јата се поткрепи со праксата) методологија на политичка мобилизација и организација и обиди за обединување на евентуалните политички партии во кои се организираат етнички групи во една, која добива белези на движење во регионот.

Ова ни се случуваше нас кои резултираа од терористи дојдоа до борци за човекови права.

Учеството на власта е"добро" само ако е на рамниште на договор на елити меѓу етничките заедници и секако ако ултимативно се остваруваат сопствените програми. Кога станува збор за сопствените програми тоа е денеска што ни се случува.

Еве, во Парламентот денеска ги нема нашите колеги албанци пратеници. Повеќе ги немаме низ целата оваа иницијатива, или оној фамозен Рамковен договор кој се наметна во Собранието и кој треба да се решава секој пат ќе има со уцени, секој пат ќе има: ако ни дадете толку, малку е ова за нас, секогаш ќе се поставува и ќе се бара аргумент повеќе за било која ситуација. И ние сме сведоци дека овој Парламент, јас припаѓам многу години тука во овој Парламент, за жал не изработивме ништо што значи просперитет во делот на економијата, во делот на земјоделието,во делот на трансформацијата, во делот на решавањето на социјалните проблеми. Ние откако што знам во Парламентот се занимаваме или на албанците им фали јазик, или на албанците им фали знаме, или ќе им фалат човекови права.

Овие 10-12 години ние ги изгубивме во Парламентот. Ниедна работа неможеме да направиме. Македонија е многу мала држава, дури микро држава. За Македонија

треба еден градоначалник. Ние имаме таква шанса со многу малку народ брзо да се реформираме, брзо да се преструктуираме. Но, ние во Парламентот целата енергија ние ја користиме само за некои права. Една седница не направивме за економскиот просперитет, за економските реформи, за пензионерите, за земјоделците. Ние се занимаваме само со некои политички теми, анатеми и на народот му дојдовме преку глава. Дајте еднаш вие во Парламентот и вие во Владата, дајте нешто што значи живот. Ни досадивте и на вас и на нас и на фамилиите ни досадивте. Не сакаме да ве гледаме. Кога го гледаме Парламентот се исклучуваме. Срамота е тоа што го правите. И се случуваат игри низ улиците, луѓето не плукаат. Зошто не плукаат? Затоа што бегате од седници, не сака да дојде СДСМ и да гласа за референдумот. Тоа е проблемот ако СДСМ гласа за референдум. Ќе ги наруши ли односите со ПДП. Па не се секирајте ПДП ќе изгуби на следните избори, со кого после ќе се љубите.

Албанците си имаат своја стратегија и шема. И ВМРО го сакаат и вас ве сакаат. Албанците се сакаат самите себе. Тие имаат страте-гија и оваа генерација на албански политичари бидејќи се школувани, ова е стратегија на која што работат со години. Оваа генерација треба да го усвои Рамковниот договор. Следната генерација ќе направи друга војна, тогаш ќе има поделба на Македонија. Ова што го зборувам на моите колеги, за тоа се зборуваше во 1995, 1996, 1997 и се немаше сенс од СДСМ. И тогаш им викав, имавте апсолутно мнозинство, имавте 96 пратеници направете устав, направете како што треба, нема потреба да се љубите. Кој кажува дека неможе да се формира СДСМ и ВМРО неможат да направат македонска влада. Зошто не се направи македонска влада? Нека биде еднонационална, нека биде само македонска, да видите дали ќе испаднат, со пушка нема да ги избркате од Владата. Тоа што кокетиравте и што правеше СДСМ, заговор,тоа беше само на штета на македонската држава и на македонските идни генерации. Иницијативата од господинот Црвенковски за претседател на Собрание да биде Абдурахман Алити. Јас немам ништо против човекот, го ценам како колега, стручен и способен. Знаете ли во што ќе влезе, во кој ризик. Сценариото беше многу софистицирано, однапред предвидено. Иницијативата беше на СДСМ Абдурахман Алити да бил претседател. Затоа ќе ја рушиме Владата, ајде ќе собираме пратеници, ќе ја рушиме Владата. Па видоа како поминаа, ги наместија Демократска алтернатива, им наместивте игра, ги избришавте. Вашиот систем е лимон систем, фати, исцеди, фрли. Не се сложувам со многу луѓе од СДСМ. Има многу и чесни и добри и за Македонија, но се води погрешна политика. На кого ќе биде власта, ако се подели Македонија, претензијата е територијална поделба на Македонија. Тој што мисли дека ќе се јави политичар кој ќе има моќ за она што се наруши, а најсветото се наруши, нееединството т.е. непочитувањето помеѓу албанците и македонците, довербата е уништена. Не постои политичар кој може да направи нешто, кој може по ова да го дигне од пепелот и да ја наруши таа хармонија која постоела барем фиктивно, фактички, незнам како да кажам. Затоа што бевме сведоци, падна крв, се закрвавија. Загинаа 60-тина луѓе и 200 се повредени од македонските безбедносни структури, почнувајќи од војскатае и полицијата па секоја петта фамилија во Ма-кедонија е во црно, толкава е Македонија. До ден денеска не слушнавме дали има починати албанци. Тоа незнам. Тоа е најмистериозната тајна што е во државата. Се пукаше со денови, нема ниеден албанец мртов. Незнам ова што е? Да не се враќам назад кој и како дискутираше на 16 февруари, кој дискутираше во март, кој дискутираше пред правењето на големата владина коалиција, да не се враќаме назад. Овој момент, ова треба да биде школо. На кого утре , кој ќе биее премиер, на кого ќе биде, тој што ќе биде премиер треба само на Свети Николе да биде премиер, на општина Свети Николе како што тргнаа работите, ние ја губиме Западна Македонија. Некој не сака да свати, го убедуваме народот и се обидуваме да се лажиме самите себе, што ќе испадне некој јаде смокви, или грозје, доста беше. Што беше доста? Што е тоа што беше доста, од кого доста? Кој е тој што не сака мир, кој беше тој што им ги кочи правата на албанците. Нека испадне еден тука од нас колегите, нека каже кој од овие политичари му ги земал, узурпирал или не им ги давал правата на албанците. Такво нешто нема. Постојат две работи. Еве, што кажува една записка од Стејт де партментот. Уште минатата година во месец јануари.Албанските политички сили имаат две опции за решавање на албанското национално прашање во Македонија. Едната е организирање на Македонија како федерација, или конфедера-ција од швајцарски тип, а втората е политичка и територијална авто-номија на албанците од Македонија со цел да се поплочи патот за

дефи-нитивно разрешување на албанското национално прашање во најблиска можна иднина. Ова е оригинал запис. Наведува како ќе се решаваат проблемите и како ќе се решава перспективата за Македонија. И она што не плаши сите нас, па и нас не плаши, не дека се плашиме дека сме кукавици, не плаши судбината на идните генерации. Ние како, така сме преживеале. Која е гаранцијата дека ќе нема мир. Тука слушавме многу оратори, големи оратори што не убедуваа, вака ќе направиме, немојте, имаме излез ќе го смениме амандманот. Кој кажа дека ќе има гаранција. И доаѓаат разно-разни белосветски да не кажам со лош израз, кој не доликува, не убедуваат и со сите со кои што дискутиравме, прашуваме, добро еве да смениме име, да смениме држава, да смениме што треба и народот да го смениме и територијата, кој ќе гарантира дека ќе име и ќе постои мир во Република Македонија. Никој не дава гаранција. Но, едно мислам дека нас не посака малку господ и она што се случи во Америка, не се радуваме ние, јас најмалку, она што се случи пополека ќе се симнат маските и ќе се разбере, што е како е во суштина, во реалноста во животот. Затоа што најголемата инвестиција на Америка ќе ги тепа по глава, бидеЈки таа администра-ција која има зацртано програма на долга стаза е инертна и ќе треба малку време, но почнуваат веќе некои работи да се расчешлуваат, така што ќе дојдат многу промени ќе се случат во надворешната политика на САД. САД дали ова ќе биде нова авантура, или ќе пукаат таму во празно, тоа е нивни проблем. Но, ова го зборувам затоа што ќе сватат дека она што инвестирале на Балканот, ако инвестирале, поважна е инвестицијата во Македонија. Тоа не значи дека Македонија е против Америка, или македонците се против американците, ниту најмалку, туку нивните потези на некои нивни каубојци тука кои ни држат предавања направија антирасположение од македонските граѓани спрема САД. Зошто? Затоа што граѓаните се свесни и неможат да не третираат било кој што доаѓа дека ние сме таму Африка, дека ние сме многу, многу илјадници километри долу. Македонија сепак географски е во Европа. Македонија е во Европа и Македонија тежи во Европа. Македонија мора да го реши овој проблем во иднина овие недоразбирања со албанците за да можеме да влеземе во големата фамилија на Европа багажот што го носиме, сигурно мора да ги испегламе недоразбирањата со албанците. Можеби во овој момент не одговара затао што и Албанија како држава не е на рамниште и касни зад Македонија десетина години. Она што стоеше и што даваше надеж дека во овој период во Македонија ќе се направи исчекор со влегување на албанците во власта, дека ќе се имплементираа во власта, дека ќе се влезе. Ние не го положивме испитот на имплементација на албанците во системот. Тоа е и задача на сите политички партии и на оние кои се и во власта и во опозиција, да се имплементираат. Одговорот она што требаше да значи имплементација на албанцит во системот, да ја почуствуваат како сопствена држава, ние не наидовме на соодветна да кажам референца на одговорот. Мислат дека и она што застрашува е едукацијата на младите албанци, дека ова е угнетување од страна на македонците и дека најдобро решение во перспектива и просеперитет е поделба на Македонија. Некои политичари не сакаат тоа да го прикажат, некои беа кусогледи, затоа што диоптријата им беше до тука, не сакаа да признаат дека ќе има војна. Имаше војна. Ова треба да биде големо школо. Но, како што тргнале работите и ова што не сакаат да присуствуваат на Парламентот нашите колеги албанци мислам ќе биде едно од најголемите понижувања, ако македонските пратеници присуствуваат сега кога ќе дојдат предлог измените на Уставот. Многу сме понижени, невидено понижување. Не сака никој да признае. Соблечени сме голи, пред историјата влегуваме како предавници. Еретици ќе бидеме и за црквата, еретици ќе бидеме и за државата. И идните генерации ќе не жигосуваат. Тоа што ќе станат сега демагози од школото на Кумровец под мостот на Кумровец и ќе не убедуваат, немојте, ќе биде војна. И да биде војна, јас не сум радикалист и да биде војна, да знаеме зошто била војна. За тоа ни загинаа 60-тина луѓе, ја казнивме државата со милијарда марки. Наместо во овој период да се инвестираше во делот на инфраструктурата, да заживеше стопанството и ако нашите колеги пратеници албанци се баш тие што не почитуваат и сакаат просперитет на Македонија немаше да ја казнат Македонија, немаше милијарда марки да фрла Македонија за оружје, немаше потреба да гинат тие луѓе. Зошто? Или, дајте отворено да кажеме на граѓаните целата работа е договорена, немојте тука да бидеме куклен театар. Оваа работа е завршена. Немој да бидете вие тука кукли, марионети, завршена е работата, дајте да се подели Македонија и што да се прави, да живеат луѓето еднаш, затоа што вака нема

да се живее. Јас сум еден од тие што нема да гласам за ниеден од предложените амаднмани на Уставот, затоа што ниеден досега политичар, апсолутно ниеден не ме убеди во тоа дека треба да гласам. Нека ме убеди било кој, јас првиот ќе гласам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, многу се изнаприкажавме овие денови од иницијативата за промена на Уставот до сега предлогот за референдум. Мислам дека доволно се изнавреќавме меѓу себе и тие што заговараат национално единство само во една реченица го заговараа, а после тоа плукаа по колегите од противничкиот табор, мислам на двајца, тројца колеги од СДСМ кои го спомнаа националното единство, меѓутоа после тоа се вклопија во начинот на дискусија од другите колеги. Ние сме свесни во изминатиот период како ни течеше политичкиот живот и решенијата кои што ги имавме под притисок. Свесни сме дека од осамостојувањето наваму притисокот е континуиран и да не ги спомнувам сите решенија што ги имавме затоа што овде неколку пати се повторувавме. Јас и во дискусијата за иницијативата за промена на Уставот ви реков дека да не бидеме наивни бидејќи некој не убедуваше дека НАТО ќе си оди за месец дена, реков да не бидеме наивини, НАТО ќе си остане под ова,или под она име и така и стана. Јас не сум политичар од ков, мегутоа се чудам на колегите кои што се политичари со години, а сигурен сум дека тоа го знаат, зошто не го кажуваат и зошто се убедуваме овде сами себе, а и народот што добро ќе ни се случи со овој Рамковен договор. Ние сега во моментот им викаме дека Рамковниот договор е единствената шанса за мир и за просперитет на ова општество натаму. Вие ако имате друг план, кажете го овде пред нас, дајте да се повлечеме, да кажеме дека, слушајте луѓе, овој нивниот план е поразумен, дајте да разговараме за нивниот план, да ги анулираме овде ние пратениците сите четири потписи и да кажеме: Сега разговараме на планот на Демократската алтернатива што ни го нуди овде. Вие не нудите никаков план. И на крај морам да констатирам дека кај вас проработуваат сега суетите, проработува синдромот на напуштеена љубовница. Зошто среде процесот на преговори кај претседателот Трајковски во фазата на финиширање на тој Рамковен договор не бевме присутни ние од Демократската алтернатива. Една од големите причини зошто не сме биле присутни, токму е затоа што вашиот политички ментор неможеме никаде да го пронајдеме, не во Македонија, во светот. И затоа не случајно во Репбулика Мекедонија си кружи онаа анегдота: "Дали заврши кризата во Република Македонија"? Не кога ќе заврши? Кога Тупурковски ќе се врати во земјата, тогаш ќе заврши.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**(Продолжение)

Јас потекнувам од една партија која се јави прва на политичката сцена со граѓанскиот концепт и ние поинаку го замислувавме соживотот со албанците, го прокламиравме, го имавме во програма, меѓутоа не успеавме во времето кога бевме на власт во коалиција со македонска и албанска партија, со ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, тој концепт да го промовираме и да заживееме. Очигледно имавме отпори, особено од албанската партија на власт, затоа што нашите сопартијци главно беа во западниот дел на Македонија. Не успеавме ниеден од нашите сопартијци ниту да вработиме ниту да го ангажираме во власта повеќе од она што беше во нашите апртиски комитети. Тоа покажува една стратегија во државата, во основа национална, без разлика на декларативноста за граѓанско општество и имавме на многу од нашите колеги притисоци во тие средини да не гласаат и за тие два изборни циклуси и како активисти да не делуваат во Демократската алтернатива. Значи концептот беше миниран уште на почеток. Ние замислувавме да им овозможиме на младите да се спријателат, да се здружат, да немаме различни кафулиња за албанци и македонци, да немаме различни училишта за албанци и македонци. Меѓутоа, стратегијата што цело време владее во македонија оди кон тоа да се разделиме. Значи немавме стратегија на спојување, се обидовме со Законот за високо образование, меѓутоа, наидовме на отпор кај една од албанските партии и кај една од македонските партии, така што целата таа стратегија води кон национално одвојување, а сега со Рамковниот договор мислам дека тоа е исклучиво еден преоден период. Постарите коелги имаат искуство што се случуваше во Косово, мислам постарите колеги кои живеа во СФРЈ активно и работеа. Ние сме сега во фаза на Косово пред 25 години, според мене, затоа што, Македонија нема економска стратегија да го задржи македонскито народ во Западна Македонија и со Законот за локална самоуправа без

притисок, без куршуми тоа население само по себе ќе се сели. Ние и сега немаме стратегија. Гледате дека продаваат станови се продава земјиште, никој во државата не го спречува тоа. Значи пуштен е еден период на преселување на народи, кога ќе се овозможи по еден член од Рамковниот договор, со посредници од надвор, да се направи територијалната поделба, а бидејки сме прогласиле две заедници, тогаш лесно ќе биде да се направи референдум на една од заедниците која што сака да направи федерализација. Токму ова што сега Нова демократија и Демократска алтернатива е иницијатор за референдум, а имаме многу противници, покажува дека осле усвојувањето на Рамковниот договор, евентуално, ние нема да можеме да спроведеме ниеден референдум што албанските апартии нема да го сакаат за било што. Едноставно ќе кажат, ако вие спроведете референдум, ние ќе спроведеме друг референдум. Дали е тоа тенденција на оваа држава да имаме различни мислења и да биде од една заедница стопиран било каков референдум што би потекнал од друга заедница. Тука имаше оправдувања, а и некои колеги од СДСМ рекоа, дека еве и албанците ќе направат референдум. Ние не бараме референдум само за македонците. Ние бараме референдум за сите граѓани на Македонија. Не смеее на таков начин и мислам дека не е коректно колегите да се против референдум.

Зошто ќе гласам за референдум? Ние се наоѓаме во една деликатна ситуација, мислам ние како пратеници. Претседателит ена апртии го потпишаа договорот, но тие не се институција според Уставот на државата и тие тоа го знаеја. Однапред знаеја дека Рамковниот договор ќе дојде на разгледување на Парламентот. Сега ние сем поставени меѓу два камења, но не меѓу камења на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како што рече г-динот Никола Поповски, туку меѓу каменот на народот и каменот на Меѓународната заедница која ни го наметна тоа затоа што одредена група на функционери се согласи со оваа работа. Тие што го потпишаа договорто утре ќе кажат ние го потпишавме, како што имаше некои изјави, меѓутоа, Парламентот е тој кој што треба да го изгласа и кој што ќе го изгласа. Ние сме дел од народот. Утре ќе ни заврши мандатот на некои од нас ќе бидеме, но и сега сме, но тогаш уште повеќе ќе бидеме обични граѓани. И што ќе ни се случи? Ако сме свесни дека овој Рамковен договор ќе направи подобрувања во државата, ќе направи целина во државата - да, меѓутоа, не сме сигурни. Но и народот би требало да се изјасни затоа што ова некој што го подготвувал во компјутерите го ставил и менталитетот на македонскиот народ. Во компјутерот таму влегло дека не сме единствени, во компјутерот влегло дека секогаш кога креваме востание доцниме, а и самиот народ тоа го покажува. Иако не е популарно како парламентарец да зборувам за народот, меѓутоа, кога беше населението од тетовските села тука пред Собранието, можеби сто или двеста Скопјани беа солидарни со нив. Значи единството и во народот го нема, не само меѓу парламентарците. Пак ли ќе чекаме, кога е се дига целито свет, да чекаме емисари да ни дојдат од страна да ни кажат да креваме востание. Со ова не сакам да кажам дека треба да се дига востание ниту го повикувам народот на востание, меѓутоа, народот на некој начин да си го каже своето расположение. Не е доволно тоа што не излегоа на изборите. Напротив, требаше да излезат на избори за да си го кажат своето. Некои од колегите велат, еве, СДСМ доби толку гласови, народот не излезе. Тоа не е мерило, народот требаше да излезе и да гласа за или против кандидатот на СДСМ, е тогаш би рекол, еве , народот е против СДСМ. Вака велам дека народот е незаентересиран за својата судбина, затоа што не е доволно да се земе пушка туку може со разни мирни настапи и собири да се изрази револтот или задоволството од нешто. Свесни сме ако овој Рамковен договор помине што не чека. Ние и сега гледаме, ако беше Рамковниот договор имплементиран во Уставот и ако беше во сила, ние денес не можеме да донесеме ниедна одлука , не можеме да одржиме никаква седница на Собранието. Знаете за кои точки - за тоа ќе дискутирам кога ќе дојде амандман по амандман - имаме консензуално одлучување и ќе си седиме вака , не ние туку другите состави на Собранието и нема да можат ништо да направат до моментот додека помине тој преоден период да се направи федерализација. Тогаш ќе имаме две собранија, како што сега има на Косово, како што сега заговараат во Јужна Србија и мислам дека колегите што учествуваа во подготвувањето на овој Рамковен договор не ни објаснија добро. Можеби не најдоа начин како да ни објаснат и ние да сватиме

зошто е потпишан овој Рамковен договор. Образложението дека не го потпишеме ќе има војна е лабаво , навистина нема смисла. Можеби требаше да ни објаснат, затоа што тие знаат, некои од нив знаеја дали се уредува регионот посебно па се почнува од секоја единица за после да има според нонпејперот на г-динот Фишер заедници на заедници во Западен балкан, дали е поврзано со регионално отворање, дали е поврзано со економско отворање, со бесцаринска зона на самиот Балкан и т.н. Војна или мир со ова мислам дека не е образложение и некои од колегите би требало, барем тие што беа во првите линии на договарањето поинаку да го објаснат Рамковниот договор за да можеме да го сватиме. Вака како што е и како што ќе се имплементира нема шанса да донесе мир во Македонија, затоа што после него ни доаѓа  еве и да помине Рамковниот договор, ќе дојде химната, ќе разговараме за химната. Тоа е под обележја. Ќе дојде и тоа , затоа што на почетокто албанските апртии не се согласуваа за химната. Слушам од наши сопартијци дека во Полошките села веќе е издадена наредба да не се носат мини здолништа, туку да се носат долги фустани и т.н. Дали и тоа утре нема да ни се случи во локалната самоуправа да донесе Собранието закон, затоа што е влезено во обичаи, културно наследство и т.н., фереџиња и друго, да не можеме и ние да отидеме таму прикладно облечени. Не сум против албанците, јас сум роден во СФРЈ, поинаку не учеа и за братство и единство и сме живееле, поинаку беше поставено националното прашање, беше голема држава, голем простор па можеа луѓето да одат од држава во држава. Сега се набивме во еден мал простор, во Западна Европа веројатно иселениците албанци им пречат, сакаат да ги вратат тука и мора да се направи некаков простор за нив. Меѓутоа, тоа не значи дека треба да биде на штета на еден народ, кој што прв пат во историјата сите се фалефме дека доби самостојност. Го убедувавме десет години дека има самостојна држава и навистина одеднаш никој не може да свати дека ја нема таа самостојна држава, дека ќе ја има државата ако биде во заедница со две заедници, таа и албанската. Многу е тешко тоа да се свати одеднаш. Требаше еден период каде што ќе се донесат други прописи, каде што ќе работат и албанските и македонските партии на зближување, каде што ќе немаше две заедници. Еве, зошто сега две заедници, зошто е запнато кај преамбулата. Велиме ќе одиме во Европа. Добре де, ќе одиме во Европа, токму затоа што *ќе* одиме во Европа зошто две заедници да има. Во Европа без граници нема потреба од тоа да имаме две заедници, ќе бидат и тие во Европа без граници и ние сме во Европа без граници. Зошто е битно сега да помине преамбулата. И зошто е битно сега да има две заедници кога ќе одиме во Европа без граници? Само заради тоа, во овој преоден период да се направат сите поместувањања внатрешни и во зависност од тоа како ќе се реши прашањето на Косово, да се делува и во Македонија. Не сум аналитичар надворешно политички како г-динот Фрчковски, меѓутоа, сето ова како објект во овие години оди кон тоа . Јас ги повикав и албанците во моето излагање по иницијативата дека единствено тие можат да го спасат ова, да се откажат од заклучоците на Призренската лига и да ги донесеме сите закони во пакет како сакаме да живееме заедно. Меѓутоа, не се откажуваат. Тоа е стратегија што трае, само генерации се менуваат.

Вие знаете дека уште пред да се формир акоалицијата, советниците на претседателот во своите коментари во весниците кажуваа дека преамбулата не е битна. Практично кога се направи широката коалиција, и мене затоа ми е чудно, паметни луѓе и политичари од СДСМ што наседнаа на тој штос, а го знаеа и го читаа Фрчковски уште пред да ја направат широката коалиција, Дека преамбулата не е битна и слично. Тоа беше подготвено. Тие влегоа на подготвен концепт на Договорот , според мене, незнам, но гледајки и слушајки мислам дека концептот беше направен и само им требаше широка коалиција тоа да го потврди. Тоа се потврди и сега ни остана на нас да го донесеме или не.

Јас мислам дека навистина немаме таков мандат, а некои од колегите рече дека е и наша одговорноста. Јас мислам дека и на народот е одговорноста. Ако е токму такво образложението ако не се потпише ќе има војна, тогаш народот да реши дали ќе има војна или не. Зошто јас да гласам за нечиј син што треба да оди во војна. Тогаш самиот народ ќе одлучи дали ќе војува или ќе ја предаде државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, и покрај тоа што седницата Се одвива во една комеморативна атмосфера или камерна, и покрај залагањата на колегата Даневски малку да ја подигне атмосферата, сепак се добива впечаток дека тешко оди, малку пратеници има, има отсуство на пратеници од таканаречениот албански блок политички партии во Македонија и веројатно оваа Седница полека полека добива еден изразен тек на Некои веќе видени порано, како што беше иницијативата за разрешување на министерот за правда г-динот Иџет Мемети и т.н.

Се поставува прашањето дали има нешто по суштествено во овој момент од тоа овој Парламент да разговара за референдум или не. Навистина има еден паралелизам, реален , кој постои во Собранието веќе два месеци и кој што е објективен факт. Од една страна се туркаа по секоја цена и на секој начин , досега успешно, фазите од уставните промени кои на некој начин се сфаќаат во оваа фаза во која што се дојдени, трета фаза, како да се контрадикторни на иницијативата на пратениците од Нова демократија и Демократска алтернатива за одлука , за договор на Собранието за распишување на референдум во Република Македонија, на кој што граѓаните би се изјасниле за или против на уставните промени кои што се во тек. За некого тоа е контрадикторно , има аргументи дека е , за некого не е, јас сум еден од тие вторите , бидејки основно и највисоко демократско право на секој граѓанин во една држава е по вакви слични прашања и во вакви судбоносни моменти за државата секој граѓанин на некој начин да го каже и да го произнесе својот глас за или против.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ**: (продолжение)

Слушавме во изминатите денови кога се одвиваше оваа седница дека тоа не се решавало така. Така се решавале некои стручни прашања. Кој знае каква ќе му била судбината на македонскиот народ, меѓутоа, исто така слушавме тогаш дека применувањето на името на Република Македонија ќе биде три или четири месеци и после тоа ќе биде уставното име. Од тогаш поминаа, не знам и јас колку, шес, седум години, и уште се водиме под тоа име БЈРМ. Така слично и со знамето.

Ова прашање допира повеќе елементи според мене за кои што треба да се разговара и за кои што вреди и поркај тоа што убеден сум со некои од претходните соговорници со изјавата дека ги заморуваме веќе луѓето, дека нема да веруваат и не сакаат повеќе Бог знае колку да не слушаат, дека се заморени од се, но сепак принципиелно е едно прашање да се разговара и да се донесе одлука дали македонскиот народ и припадниците на другите национални малцинства и сите граѓани на Република Македонија ќе се изјаснат по ова прашање за референдум, или тоа од нивно име ќе го сторат нивните избраници во Македонскиот Парламент.

Дозволете ми само на почетокот во кратки црти само да ве потсетам како почна војната во Македонија, која што можам да кажам за среќа последните неколку недели или месец дена е една латентна фаза, мирна, во фаза на релаксација. Почна на 14 март 2001 година во Тетово и претходно во Танушевци. Одговорноста за насраните за вооружените провокации и судири во почетокот, понатаму окупирани територии што знаено што незнаено од македонските безбедносни сили и понатаму почна да ја презема таканаречената ОНА која што некои колеги албански пратеници ја поистоветуваат со ОВК и УЧК, што воопшто не ми е јасно и денеска имав полемика со еден колега зошто тоа е така според нив, затоа што директно ја потврдува тезата ако е тоа така дека е тоа агресија од Косово врз Македонија. Но, тоа не е битно и се до еден момент додека траеја воените дејствија во едно извонредно добро организирано сценарио и план на постепено ширење на воениот пожар од границата од Танушевци, од Северозападната граница надолу према Тетово и према Куманово не чувме зошто тие луѓе се борат. Првпат чувме кога ова Собрание се обидуваше да ги донесе заклучоците, така како што требаше да биде на 17 март кога со еден огромен компромис и покрај сознанијата дека не е тоа така ги прогласивме за вооружени групи албански екстремисти. Тогаш чувме дека се тоа борци за човекови права, но знаевме повеќе од нас и македонскиот народ веројатно, граѓаните насетија дека не се борци за човекови права дека е тоа само облaндата, филот кој што треба да се фрли и во Македонија и пред меѓународната јавност, а во суштина дека се работи за добро подготвена стратегија

за проширување на снагите во Македонија, Косовските настани со цел покрај трајната стратегија која што постои и е зацртана во Призренската лига попатно тоа да се "закачи" и промена на Уставот на Република Македонија.

На крајот, после политичката соработка на лидерите на албанскиот блок партии во Македонија со политичкиот претставник на ОНА - Али Ахмети во Призрен го добивме првиот сигнал и првото барање за што всушност тие луѓе се борат. Така се утврди дека е Уставот на Република Македонија во 199Ѓ1 година, дека е извор, причина за разгорувањето на воените дејствија бидејќи од 1991 година до 2001 година, десет години наназад со тој Устав албанците во Македонија се чувствувале несубјективно, туку објективно дека се граѓани од таканаречен втор ред. Во меѓувреме од истата таа година од 1991 година па до 2001 година постојано учествуваат во институциите на системот рамноправно, според принципите на демократијата, современо, европска, постојано учествуваат во Владата на Република Македонија во соодветните ресорни министерства, дури постои министерство кое од 1991 година до сега исклучиво е ресор на албански министер независно од која партија е, тоа е ексклузивно право, постојано се присутни во Парламентот, во други институции на системот значајни во Република Македонија и поркај сето тоа не го признаваа Уставот кој што се донесе од ова Собрание 1991 година.

Значи првата теза односно залагање тука да се заврши работата е да се промени Уставот на Република Македонија кој што, цинично кажано 12% мислам дека се измените на Уставот, може да е 1 %, и 0,5%, ама да биде суштествено, но тие 12% за жал, кои што се тркалаа во ова Собрание месец дена се тие суштествените промени на Македонскиот Устав кој што треба да следува, во кои што еден народ, колку што ги има во преамбулата на сегашниот Устав, македонскиот народ треба да се сведе на ниво на етничка заедница во мнозинство а останатите да се сведат исто така на етнички заедници во малцинство, или кои што не припаѓаат на малцинство, или кои што се декларираат дека не припаѓаат на малцинство.

Знаеме Рамковниот договор под каков притисок не само на меѓународната јавност, не само под притисок на меѓународната јавност, туку и на вооружен притисок во Република Макеоднија така наречената ОНА се потпиша и како дојде до потпишување на тој Рамковен договор. Сега од тој Рамковен договор произлегуваат уставните амандани кои што треба да го имплементираат Рамковниот договор во Уставот на Република Македонија. Тоа не може да се направи без највисокиот законодавен дом во Македонија, тоа е Собранието на Република Макеоднија затоа што знаат и албанците, знае и меѓународната јавност дека ќе нема реалност. Рамковниот договор ако не помине низ ова Собрание е само документ потпишан без важност. Тука доаѓаме до прашањето за референдум.

Според мене ако се постави релацијата гласачи или граѓани на Република Македонија, пратеници во Македонскиот Парламент за кој што тие гласале и ги делегирале во ова Собрание пред три години, политичките партии во континуитет, во продолжение од другата страна најдиректна врска во овој момент и најцврста е врската во најзначајна меѓузависност меѓу граѓаните на Република Македонија и пратеникот во овој Парламент. Тоа е првата работа за која што сите треба да бидеме потполно свесни бидејќи освен во некои свои програми ДПА ниедна друга политичка партија во Република Македонија која што ги доби изборите, па ни оние кои што ги изгубија изборите во 1998 година сега се во таканаречената широка коалициона Влада не им ветуваа на граѓаните на Република Македонија дека ќе вршиме промени на Уставот на Република Македонија во 12% обем, или 120%, како што вели Амди Бајрам значајност. Тоа е првата дилема. За мене не е тоа морална дилема или патритотска дилема, тоа е дилема од тоа што сите сме исправени и за кое што треба да ги прашаме граѓаните на Република Македонија. Не значи ако ги прашаме веднаш ние да им сугерираме - ние ќе ве прашаме ама вие немојте да гласате, вие бидете против. Зошто понатаму упорно се форсира таа теза дека доколку Собранието одлучи да помине референумот во Република Макеоднија дека граѓаните ќе бидат против. Може да бидат против, може како што им е стемнето и воопшто да не излезат на референдум, да не успее референдумот, бидејќи според член 83 референдумот е успешен ако гласаат повеќе од половината жители односно

граѓани на Република Македонија, или може да биде неуспешен. Меѓутоа, во овој момент историски мислам дека се прави крупна грешка доколку не успееме како Парламент да ја донесеме работата до секој граѓанин на Република Македонија, затоа што никој во оваа држава, ваква каква што е не гарантира дека ако Рамковниот договор се имплементира преку уставните амандмани дека војната ќе престане. Никој не дава таква гаранција затоа што досега бевме сведоци на терор на малцинство врз мнозински народ во сопствената земја, меѓутоа да не заборавиме дека и покрај тоа што Македонецот е трплив, некој го вика нагалено, или во демунитив Македонче, македонче, па тој е трпелив народ и горделив и интелегентен и не сака без потеба да крвари, но дека е можна и обратна рекација. Доколку ги гледате записите, резултатите, анализите, мислењата од јавната расправа во писмена форма мислам дека добивате слика што мислат граѓаните на Република Македонија за некои клучни измени кои што треба да поминат. Некаде има потписи по 2.550 луѓе стојат зад еден став. Што ако ова Собрание ја направи дури тогаш најголемата грешка и ако се провоцира револтот на мнозинството па да се искали во некоја друга форма или друг начин на реваншизам или ќе отвори некоја друга војна, или еден долг процес...

Тоа се причините според мене зошто треба референдум. Нема да се удираме во гради да речеме македонскиот народ има право да се изјасни итн. Ова се причините според мене кои што успеав да ги анализирам во овој период и да ги елаборирам, бидејќи за тоа постои и членот 68 од Уставот на Република Македонија, каде што се вели дека Собранието објавува или одлучува за војна, но одлучува и распишува референдум. Сметам дека е тоа најбитно прашање, прашањето на преамбулата и уште на некои други работи кои што одат во пакет, треба да одат во пакет со уставните амандмани, Македонската Православна Црква, амандманот борј 18, тоа се клучни работи за кои што треба да се разговара. Ние немаме право, јас мислам дека немаме право, толку големо право во оваа деликатна ситуација, волку сложена хаотична состојба во која што доминираат нереди и ненормални работи, наместо нормални работи и се е производ и резултат на едни такви настани во едне изминат период каде што се менуваат успено тези, се заменуваат тези, каде што борците за човекови права еволуираа во терористи па од терористи повторно во екстремисти, па од екстремисти повторно борци за човекови права и сега да бидат борци. И сега ние кои што овде се залагаме на некој начин да се задржи нормалната процедура и понатаму се крстиме и не крстат дека сме поборници за војна, за немир итн., итн.

Од друга страна се заговара постојано прашањето на контрареферендум. Доколку се објави, Собранието донесе одлука за референдум по ова прашање контра референдум ќе направат албанците во кој што ќе гласаат за да ги изразат своите максималистички барања. Господинот Абдурахман Алити кога беше гласањето за отворањето на иницијативата кажа една реченица која што ја паментам и се повикувам на нејзе, затоа што мислам дека чесно ја кажа во тој момент. Рече "ова е најверојатно максимумот што албанците во Република Македонија треба да го имаат и ќе го бараат". Ако е така тогаш зошто албанците да прават контрареферендум? Зошто таа теза? По која логика е таа теза? Тоа е логика на уцена, логика на напуштање на седници и неучество на седници. Зошто албанците ако се за мир и ако се задоволни од уставните промени кои што треба да селдат понатаму, зошто не направат навистина референдум на кој што еднаш за секогаш ќе се изјаснат дека сакаат да живеат во ваква Македонија, дека нема да бараат федерализација, кантонизација, итн., до територијално отцепување на делови на Македонија. Зошто не направат еден таков референдум, па на тој начин да им дадат сигнал на Македонците, јасна порака дека овие работи така ќе се завршат. Бидејќи ова прашање беше табу тема во овој Парламент и воопшто на македонската политика односно на македонците, макеоднскиот народ, албанците итн. Сега се отвораат некои прашања во кои што некои луѓе се третираат дека се емотивни, некои луѓе затоа што поинаку мислат, затоа што имаат поинаква визија сакаат да бидат прикажани како што не се, но најголемиот бенефит и благодет според мене е што сепак за овие работи се разговара.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ**:(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Се разговара и треба да се разговара. Мислам не требаше воопшто ни да пукаат албанците да за се разговара, дека постоеше добра волја постепено работите да

се решаваат низ еден мирен демократски процес.

Останува уште едно прашање за кое сакам да зборувам, а тоа е дали некој ги праша и припадниците на другите малцинства кои живеат во Република Македонија, што тие мислат за овие измени на Уставот кои треба да се реализираат преку усвојување на уставните амандмани. Дали, ако ги прашаа турците, ромите, србите,власите, египјаните, бошњаците, може да не прескокнав некого, нека ми прости, и другите, дали и тие сакаат да живеат во вака уставно преуредена држава и како го замислуваат тие нивниот живот од така уставно преуредена држава каде што, како што стојат работите се октроира Уставот, кој што не одговара на реалната состојба во државата, само за да ги исполни барањата на албанците.

На крајот ќе завршам со тоа дека народот, македонскиот народ, националните малцинства, или малцинствата во Република Македонија ги чинат граѓаните на Република Македонија. Членот 2 од Уставот многу малку е цитиран. Го знаете, но ќе го прочитам. Тој вели:

"Во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните".

Многу јасен и многу добар член. Тоа е граѓанска држава, а не граѓаните да се поделат во трла, на етнички заедници, а македонците да не се викаат повеќе македонски народ.

Последното пршање ми е следното: Јас сепак мислам дека тоа не е во интерес на албанците во Македонија. Мислам дека е интерес на некои други сили кои одвај чекаат тоа да го направиме овде, и не би требало да биде од интерес на албанците во Македонија.

Некој овде од оваа говорница рече дека не воведовде во искушение да го тераме најтешкиот пат.

Со вековните аспирации од околината што се историски факт, не се тоа измислени или апстрактни работи, или параноични. Тоа се историски факти. Тие вековни аспирации на Грција, Бугарија, Србија, еве Албанија нема да ја кажам. Тоа е јасен сигнал. Кога ќе нема македонски народ во преамбула, многу јасен сигнал е што понатаму ќе следи.

Јас ќе завршам песимистички, можеби и не политички. Меѓутоа никако од ум не ми излегува изјавата на еден министер од една соседна држава, министер за одбрана кој пред месец дена рече оставете ги, тие уште малку сами ќе си ја завршат работата околу името на Република Македонија.

Затоа, бидејќи прашањето е извонредно тешко, прво треба да расчистиме, зошто да не ги прашаме граѓаните и зошто да очекуваме негативен ефект. Зошто не направиме уште една иницијатива па и албанците да се изјаснат на тој начин да се поттикне самодовербата, не со оние платени реклами како што е договор куќа гради и конвои од саат време кои врват со дозвола од некои, таканаречени разоружани ОНИ и се враќаат назад. Затоа треба, според мене треба да помине одлуката на референдум, бидејќи во овој момент тоа е работа која може да се спроведе, треба да се спроведе, бидејќи ќе има долгорочни историски ефекти и последици и позитивни, но ако не се спроведе може да има многу подолгорочни и потешки негативни ефекти. Затоа јас ќе ја поддржам оваа иницијатива на колегите од двете политички партии и со тоа ќе го завршам моето зборување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Прангоски.

Наталија, повели за процедуралното прашање. Инаку мислам да ја прекинам седницата во овој момент и да наставиме со работа во 17,15 часот.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Токму за тоа јас сакав да интервенирам господине потпретседателе, зошто не гледав од ваша страна како се гледа присуството во салата, на кое апелираше и колегата Прангоски.

Бидејќи веќе побарав процедурално сакам да кажам два-три збора.

Целта на поднесената иницијатива е да се погледне и да се продискутира една друга можност, произнесување на граѓаните околу веќе изнесеното прашање за промените на Уставот. Потоа, по тоа да се гласа, секој по своето убедување, или по добиениот партиски став, но не да се покаже една ваква индолентност, крајна неодговорност, незаинтересираност, барем со присуство на колегите пратеници. Тие иако се повлекоа од листата на дискутанти, меѓутоа не значи дека не треба да покажат заинтересираност, што се случува во оваа сала и како се говори околу ова прашање за промена на Уставот, односно околу оваа можност за произнесување на граѓаните.

Прашањето е многу суптилно важно и од особено значење за Република Македонија и за нејзините граѓани. Затоа јас сакав токму тоа да ви предложам, да се даде час или два пуза, координаторите нека

ги консултираат колегите пратеници дали ќе присуствуваат на оваа седница или не и потоа да продолжиме, меѓутоа со атмосфера на едно повисоко ниво што одликува на ова прашање за кое расправаме и што доликува на Собрание на Република Македонија. Дискутирањето пред 10 или 15 колеги пратеници во салата е многу недоветно и чувството на оној што е на говорница, јас верувам дека е онакво какво што го искажа господинот Прангоски. Затоа уште еднаш апелирам, повикајте ги пратениците за да продолжиме во една друга атмосфера. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодрам госпоѓа Наталија.

Јас тоа ќе го примам на знаење.

Колеги пратеници давам пауза до 17,15 часот. Значи продолжуваме во 17,15 часот

(Поради немање кворум седницата после паузата не продолжи со работа.)